Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 23.04.2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 2355/2 | 1 | |

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), се доставува

**ДОПОЛНЕТ ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:** Во Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор (бр.03-2355/1 од 22.04.2019 година) констатирано е дека Трговско радиодифузно друштво Зоран Здравковиќ МХ-РАДИО Охрид ДООЕЛ не ја исполнило обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми. На 23.04.2019 година, радиодифузерот во архивата на Агенцијата ги достави податоците, со што ја исполни обврската.

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво Зоран Здравковиќ МХ-РАДИО Охрид ДООЕЛ

3. **Датум на извршување на надзорот:** 23 април 2019 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши на исполнувањето на обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми, според која радиодифузерите се должни до 31 март во тековната година, на посебен образец пропишан од страна на Агенцијата, да и достават податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично), остварените вкупни приходи и расходи во претходната година од обезбедувањето на дејноста и за просечната гледаност или слушаност во претходната година.

5. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Трговското радиодифузно друштво Зоран Здравковиќ МХ-РАДИО Охрид ДООЕЛ ја исполни обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***